ЈП"Македонски шуми"
Бр.02- 1216/3
28.12.2015 година
Скопје

Врз основа на член 27 од Статутот, а во врска со член 28 и 26 став 1,2,3 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр.136/07,130/08, 97/10 ,185/11, 15/13 ,148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14 и 192/15), Управниот одбор на ЈП"Македонски шуми" на ден 28 .12.2015 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Планот за**
**јавни набавки во 2016 година**

***член 1***

Заради непречено остварување на функциите на производството на Јавното претпријатие за стопанисување со шуми "Македонски шуми"-Скопје како и заради остварување на потребната динамика на објавување на постапки за набавки на стоки, услуги и работи, се усвојува Планот за јавни набавки за 2016година.

***член 2***

Планот за јавни набавки за 2016 година опфаќа набавки на стоки, услуги и работи во вкупна проценета вредност од **836,752,770,00 денари**, и истите се дел од годинешниот план за јавни набавки за 2016 година кои се неопходни за навремено и континуирано продолжување на производството во ЈП.
Согласно член 26 став 3 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр.136/07,130/08, 97/10 ,185/11, 15/13 ,148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14 и 192/15), по потреба, Договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки.

***член 3***

Средствата за реализација на Планот за јавни набавки за 2016 година се сопствени средства на јавното претпријатие предвидени во актите за планирање и финансирање во 2016 година.

***член 4***

За секоја посебна постапка за набавка предвидена во Планот за јавни набавки од 2016 година се донесува посебна одлука за доделување на договор за јавна набавка.
Одлука за доделување на договор за јавни набавки во рамките на ЈП"Македонски шуми" донесува Директорот на јавното претпријатие.

***член 5***

- Раководителите на подружниците за делот од Планот за јавни набавки, за постапка за набавка со барање за прибирање на понуди со проценетата вредност на договор за јавна набавка која изнесива до 5.000,00 евра во денарска противвредност без пресметан ДДВ, согласно член 100 став 1, алинеа 1 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр.136/07,130/08, 97/10 ,185/11, 15/13 ,148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14 и 192/15), доставуваат посебно барање со прилог техничка спецификација до Пом.Директор на секторот. Отпочнување на постапката се одобрува од Пом.Директорот на соодветниот сектор и Директорот на јавното претпријатие.
  Согласно член 100 од наведениот ЗЈН и овие постапки се спроведуваат преку ЕСЈН во Дирекција.
- За сите набавки пред отпочнување на постапка за доделување на договор, од страна на Пом. Директори на соодветните сектори се доставува барање до Директорот на јавното претпријатие за одобрување,односно почеток на постапката. Во прилог на барањето се доставува техничка спецификација и образложение на набавката доколку истата не е предвидена во Планот за јавна набавка, но само во случај на непредвидени околности и истите на крајот на годината ќе се усогласат, односно дополнат или ревидираат во Планот за јавни набавки. При доставување на барање за соодветна набавка од страна на Секторот (Пом.Директорот) во чија надлежност е набавката постапува исклучиво Согласно член 36-а од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр.136/07,130/08, 97/10 ,185/11, 15/13 ,148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14 и 192/15), односно по потреба преку Службата за јавни набавки доставува соодветни барања и извештаи предвидени

во наведениот член до Советот за јавни набавки, како и извештај од истражување на пазарот за предвидената набавка.

- Постапка за доделување на доделување на договор за јавна набавка, како и измена и дополна на Планот за јавни набавки може да иницираат: Директорот на јавното претпријатие и Пом.Директори на секторите. Иницирање на постапка се врши согласно проценетата вредност во ПЈН  со изготвување на точна техничка спецификација согласно член 33 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр.136/07,130/08, 97/10 ,185/11, 15/13 ,148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14 и 192/15); од страна на службите во секторот за кој се однесува набавката.
- Во зависност од постапката за доделување на договорот, Постапката, еволуацијата на понудите, изготвување на соодветни документи при избор или неизбор и сите останати работи согласно член 29 од ЗЈН ги врши Комисијата одредена со одлука од Директорот на ЈП "Македонски шуми".
- Подготовката на документација, координирање на комисијата и останати работи околу објава на постапката за соодветна постапка за доделување на Додовор за јавна набавка ја врши службата за Јавни набавки согласно член 29 -а од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр.136/07,130/08, 97/10 ,185/11, 15/13 ,148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14 и 192/15.

***член 6***

Управниот одбор согласно член 26 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РМ бр.136/07,130/08, 97/10 ,185/11, 15/13 ,148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14 и 192/15) го донесува Планот за јавни набавки (ПЈН) до крајот на јануари од тековната година, а по потреба во текот на годината може да го измени или дополни согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки, вклучуваќи ги и набавките во случај на непредвидени околности.

***член 7***

Се задолжува стручната служба задолжително да доставува известување за склучен договор до Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии на РМ заради објавување на ВЕБ стараницата на Бирото за јавни набавки во рок од 30 дена по:

- спроведување на отворена постапка, ограничена постапка, конкурентен дијалог, или постапка со преговарање со и без претходно објавување на оглас, со доделување на договор за јавна набавка или склучување на рамковна спогодба;
- во случај на спроведување на конкурс за избор на идејно решение со прогласување на најдобро рангиран учесник
- набавка на услуги од членот 17 став 1 алинеа 2на овој закон доколку проценетата вредност, без вклучен ДДВ е над 20 000евра во денарска противвредност.
- да води евиденција на постапките со барање за прибирање на понуди и примерок од евиденцијата во електронска форма да достави до Бирото за јавни набавки. Примерок од евиденцијата за постапките со барање за прибирање на понуди се доставува до 31 јули и до 31 јануари за договори за јавни набавки склучени во претходните шест месеци

***член 8***

Составен дел на оваа одлука е табеларниот преглед на Планот за јавни набавки во 2016 година со проценета вредност за секоја предвидена набавка.

***член 9***

Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Доставено до:**

- Сектори
- Архива

**Управен Одбор**
**Претседател**
**Горан Анастасовски**

Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми П.О. МАКЕДОНСКИ ШУМИ * Скопје *

**С.Ј С.С**